Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“ Скопје

# Годишен извештај на националната канцеларија за 2012 година

***<u>Организации членки на Коалицијата:</u>***

**Асоцијација за демократски иницијативи – АДИ Гостивар**

**Асоцијација за интеграција на ромите - МЕСЕЧИНА Гостивар**

**Граѓанска асоцијација - МОСТ Скопје**

**Граѓански информативен центар - СПЕКТАР Штип**

**Граѓанска асоцијација Битола**

**Здружение за правата на ромите Штип**

**Здружение за заштита на правата на детото – ЗПД Скопје**

**Здружение - ИЗБОР Струмица**

**Здружение на млади правници “Павел Шатев“ Кочани**

**Здружение на тиквешките роми Кавадарци**

**Младински образовен форум - МОФ Скопје**

**Младински културен центар - МКЦ Битола**

**Прва детска амбасада во светот - МЕЃАШИ Скопје**

**Совет за превентива против малолетничка деликвенција - СППМ Кавадарци**

**Хуманитарно и добротворно здружение на ромите – ПХУРТ Делчево**

**Форум на млади Битола**

**Форум за правата на ромите – АРКА Куманово**

***Кон извештајот***

Коалицијата "Сите за правично судење" ја заврши 2012 година со реализација на три проекти како дел од стратешката програма за работа до 2014 година. Поради низа објективни причини и настанати промени во минатата година, деловното портфолио на Коалицијата значително е намалено, споредбено со претходниот период. Причините во прв ред се однесуваат на повлекувањето на дел од досегашните стратешки подржувачи на организацијата од Република Македонија, а дел од нив се резултат на недоволно развиените организациски капацитети за учество на повиците од европските фондови, како и нивната достапност - проблем со кој реално се соочуваат поголем број на организации од граѓанското општество во Македонија. Сепак, и при вакви состојби Коалицијата "Сите за правично судење" продолжи да биде насочена кон своите стратешки определби, согласно мисијата и програмата за работа, а тоа е следењето на судските случаи и изготвувањето на анализи за работата на правосудните органи и надгледување на нивната работа. Во таа насока, Коалицијата стана дел од фокус организациите, директно вклучени во тригодишниот стратешки проект на мисијата на УСАИД - Македонија за Јакнење на судството, чии што позначајни активности за селектираните фокус организации започнаа во првата половина на минатата година. Коалицијата и во 2012 година продолжи со имплементација на програмата за Поддршка на човековите права, односно проектот за давање на поддршка на жртвите од тортура. Така, започнувајќи од 2006 година до денес преку овој проект се обезбедува бесплатна правна помош за граѓани кои се жртви на полициска постапка, во преткривичната и кривичната постапка.

Во рамките на овие две стратешки програми за работа, од 2004 до крајот на 2012 година Коалицијата има извршено набљудување на 1.294 случаи од кривичната област и 746 случаи од областа на граѓанското право.

За сите овие набљудувања, во досегашниот период се изготвувани анализи, публикации и стручни трудови, а воспоставената пракса ќе продолжи и во идниот период. Во 2012 годнина публикувана е Анализата за спроведениот проект за давање на правна помош на жртвите од тортура, како и Анализа на набљудуваните случаи и судските постапки од областа на корупцијата во 2011 година. Овие факти, ја прават Коалицијата „Сите за правично судење" водечка организација во регионот на југо-источна Европа по однос на бројот на набљудување на судски случаи и публикувани анализи за ефикасноста на судските постапки, пред се од областа на организираниот криминал и корупцијата во Македонија.

***Реализирани проекти***

Во месец февруари 2012 година Коалицијата ја заврши имплементацијата на проектот **“Набљудување на судски предмети од областа на корупцијата**“ кој беше поддржан од Европската Унија, преку Инструментот за демократија и човекови права – EIDHR, и амбасадата на Кралството Холандија во Скопје, со вкупен буџет од 3.804.390,оо денари.

Во септември 2012 година Коалицијата започна со имплементација на проектот **„Следење на предмети од областа на организиран криминал и корупција“** со што се задржа пет годишниот континуитет на набљудување судски предмети од областа на организираниот криминал и корупција. Повеќегодишниот континуитет на проектот овозможува создавање на продлабочена анализа за ефикасноста на надлежните органи во борбата против организираниот криминал и корупција и почитувањето на човековите слободи и права, загарантирани со Уставот и законите во кривичната постапка. Концептот на овој проект е истражувачко-аналитички, по пат на прибирање на податоци од директното мониторирање на судските предмети и од прибраните податоци во 2013 година ќе се изготви финален аналитички извештај. Од досегашното искуство, извештаите кои се плод на директно истражување и ја прикажуваат состојбата во која судовите работат, се земани секогаш сериозно од страна на стручната јавност (судии, јавни обвинители и адвокати).

Во зависност од препораките кои ќе произлезат сметаме дека може да се иницираат определени измени во самата кривична постапка или иницијатива за промена на тој дел од законодавството. Дополнително, обвинетите лица ќе добијат уште една алатка во насока на информирање на јавноста за евентуална повреда на нивните права, како и зајакната можност за излагање на нивните тврдења. Јавноста ќе добие можност да ја види сублимирана состојбата во определен сегмент во судството – Одделението за борба со организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје 1 Скопје, што ќе доведе до поголемо ниво на транспарентност на судовите.






***USAID CSP Средба со грантисти***

Аналитичкиот извештај од проектот ќе биде презентиран пред јавноста на прес конференција и ќе биде дистрибуиран до целокупната стручна јавност во печатена верзија, која ќе биде достапна на македонски, албански и англиски јазик. Реализацијата на проектот ќе трае до август 2013 година. Финансиската поддршка во износ од 1.376.207,оо денари е обезбедена од програмата на УСАИД  за развој на граѓанското општество која ја имплементира Фондацијата отворено општество Македонија.

Проектот **„Поддршка на човековите права“** е повеќегодишен проект на Коалицијата, кој продолжи со имплементација и во 2012 година. Најголемиот дел од проектните активности се однесуваа на давање на правна помош и застапување на жртви од тортура при полициското постапување. Во рамките на проектот беа ангажирани тројца правни советници од организациите Извор - Струмица, Центар за граѓански иницијативи - Прилеп и АРКА од Куманово. Правните советници од овие организации вршеа регионално покривање на населението и давање на правна помош, а тимот го предводеше правен експерт и аналитичар во Скопје. Коалицијата за овој проект има потпишано меморандум за соработка со Народниот правобранител, со цел давање на правна помош и адвокатско застапување на жртвите на тортура.

ПРОЕКТ ЗА ПОДДРШКА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Human Rights Support Project

Во рамките на проектот во 2012 регистрирани се 10 случаи на тортура. Загрижува фактот што кај дел од овие случаи по првичното поднесување на пријава, жртвите се откажуваат од понатамошната постапка, како и тоа што ниту самоиницијативно не се залагаат за решавање на сопствените случаи. Анализата на проектот покажа дека документирањето на случаите претставува дополнителен предизвик поради ненавременото пријавување на случаите од страна на самите жртви, како и недоволната соработка на Министерството за внатрешни работи (МВР) со правните советници од регионалните канцеларии на Коалицијата.

Дополнително преку овој проект обезбедивме и поддршка од психолог за регистрираните жртви на тортура, која услуга ја искористиле само три жртви. Истовремено, Коалицијата индиректно вршеше и мониторинг на дел од работата на полициските органи, особено во делот на полициското постапување. Сите овие активности, резултираа со објавување на Аналитички извештај „Човековите права и полициското постапување“ кој беше издаден на македонски и англиски јазик. Реализацијата на овој проект траеше од јануари до декември 2012 година, а вкупниот буџет изнесувше 2.874.368,оо денари. Донатори на проектот се Институтот отворено општество - Будимпешта и Фондот за жртви од тортура на Обединетите нации во Женева. Реализацијата на проектот продолжува и во 2013 година.

## ***Останати активности и соработка***

Во текот на 2012 година Коалицијата „Сите за правично судење“ редовно учествуваше на повеќе средби за вмрежување и соработка. Во таа насока, Коалицијата се вклучи како соработник во регионален проект преку ИПА програмата, кој го раководи организацијата АСТРА од Србија, а се однесува на „***Акции против трговијата со луѓе***“. Реализацијата на активносите ќе се одвива во 2013 година.

Во текот на минатата година, Коалицијата исто така ја продолжи соработката со своите досегашни соработници и партнери од јавните и државни институции, како Народниот правобранител, Државната комисија за спречување на корупција, Академијата за судии и јавни обвинители, Правниот факултет „Јустинијан Први“ и Министерството за внатрешни работи. Исто така националната канцеларија своите активности редовно ги координираше со своите членки, како и со граѓанските организации кои работат во областа на правсудството и човековите права. Претставници на Коалицијата редовно учесвуваа во различни активности за развој и промоција на граѓанското општество во Македонија. Во месец мај 2012 година Коалицијата го одржа своето редовно Годишно – изборно собрание, на кое меѓу другото беше избран нов управен одбор и претседател на организацијата.

## ***Односи со јавноста, транспарентност и отчетност***

Коалицијата во 2012 година одржуваше редовна комуникација со медиумите и ги информираше за своите мислења и анализи. Во рамките на реализираните проекти организиравме две наменски прес конференции за презентација на проектите и постигнатите резултати. Освен тоа, правните експерти од Колицијата даваа свои мислења и учестуваа на низа телевизиски гостувања, поврзани со определени случаи од организираниот криминал кои предизвикаа голем јавен интерес.

До првата половина на 2012 година, националната канцеларија редовно подготвуваше Билтен кој електронски се дистрибуираше до повеќе општествени

чинители, а се објавуваше и на веб страницата на организацијата. Согласно организациските политики за работа, редовен надзор врз работата на финансиското работење вршеше Надзорниот одбор. Истовремено, Коалицијата ангажираше Независен ревизор за финансиското работење на проектите финансирани од Европската Комисија. Мислењето и извештајот на Независниот ревизор за работата на Коалицијата е оценето како објективно и позитивно.

Коалицијата сите информации за проектното и финансиското работење редовно ги објавува на својата веб страница. Завршните извештаи се донесуваат од страна на Управниот одбор и Собранието, како највисоки органи на управување. Во насока на подобрување на транспрентноста и комуникацијата со јавноста, а следејќи ги последните трендови, Коалицијата почна редовно да ја информира јавноста и преку социјалните (нови) медиуми.

**Финансиски извештај за 2012 година**

**БИЛАНС НА УСПЕХ (на 31.12.2012 година)**

| | | |
|---|---|---|
| | **ПРИХОДИ** | |
| 1 | Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 846,оо ден. |
| 2 | Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 2.734.258,оо ден. |
| 3 | Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 549.205,оо ден. |
| | **Вкупни приходи:** | **3.284.309,оо ден.** |
| | **РАСХОДИ** | |
| 1 | Потрошени материјали | 12.647,оо ден. |
| 2 | Потрошена енергија | 4.136,оо ден. |
| 3 | Други услуги | 383.100,оо ден. |
| 4 | Наемнини | 149.841,оо ден. |
| | ***Вкупни материјални расходи, услуги и амортизација*** | ***549.724,оо ден.*** |
| 5 | Провизија за платниот промет | 10.074,оо ден. |
| 6 | Дневници за службени патувања и патни трошоци | 1.001,оо ден. |
| 7 | Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните | 1.992.771,оо ден. |
| 8 | Други расходи | 3.743,оо ден. |
| 9 | Издатоци за меѓународна соработка | 185.166,оо ден. |
| | ***Вкупни други расходи*** | ***2.192.755,оо ден.*** |
| 10 | Помошти, донации и други давања на правни субјекти | 92.824,оо ден. |
| | ***Вкупни помошти, донации и други давачки*** | ***92.824,оо ден.*** |
| | **Вкупни расходи:** | **2.835.303,оо ден.** |
| | **ОСТВАРЕН ВИШОК НА ПРИХОДИ (ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ)** | **449.006,оо ден.** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА (на 31.12.2012 година)

| | | |
|---|---|---|
| | **СРЕДСТВА** | |
| 1 | Опрема | 255.600,оо ден. |
| 2 | Парични средства | 449.006,оо ден. |
| | **Вкупни средства:** | **704.606,оо ден.** |

| | | |
|---|---|---|
| | **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | |
| 1 | Деловен фонд | 255.600,оо ден. |
| 2 | Обврски за примени помошти, донации и други давачки од правни субјекти | 449.006,оо ден. |
| | **Вкупен капитал и обврски** | **704.606,оо ден.** |

## ***Организациска поставеност, управување и раководење***

***Членови на управниот одбор***

Дејан Додовски

Ѓорги Јошески

м-р Енис Салифи

доц. д-р Елена Михајлова

м-р Ирена Здравкова

Надица Марковска

***Членови на надзорниот одбор***

проф. д-р Никола Тупанчевски

м-р Жаклина Јованова

Сања Глигорова

***Претседател***

проф.д-р Љупчо Аранудовски

***Извршен директор***

Кирил Ефремовски

Скопје, март 2013 година